UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

BALCANOSLAVICA
47

2018

vol. 47
Issue 2

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 2, pag. 1-385, PRILEP, 2018

ПРЕДИСТОРИЈАТА НА МАРКОВИ КУЛИ КАЈ ПРИЛЕП

Гоце НАУМОВ*; Александар МИТКОСКИ**
*Центар за истражување на предисторијата
**Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп
gocenaumov@gmail.com, amitkoski@yahoo.com


прегледен научен труд
прифатен: 10.07.2019
УДК 903.23-033.6:72(497.775)"63"

Апстракт: *Локалитетот Маркови Кули е меѓународно познат како средновековен локалитет со карактеристична архитектура и материјална култура. Покрај оваа археолошка целина, локалитетот содржи и предисториски елементи коишто го најавуваат почетокот на живеењето на ова исклучително значајно и карактеристично место над градот Прилеп. Имено, во 1980-те години, на овој локалитет се вршени меѓународни археолошки истражувања, при што се констатирани архитектонски обележја и керамика специфични за предисторијата. Во тоа време се направени и првите радиокарбон анализи на примероци од овој дел на Пелагонија, при што се приложени сознанија за предисториската хронологија на Маркови Кули. Со оглед на специфичноста на материјалната култура од овој дел на локалитетот, неодамна се направи повторно документирање и проучување на керамичките форми, но и на документацијата поврзана со просторот познат како карпесто живеалиште. Имајќи ги предвид сознанијата од минатите истражувања, но и неодамнешното студирање на керамиката и архитектонските обележја, овој труд ќе направи нивно ревидирање и ќе се обиде истите да ги објасни преку процесите карактеристични за предисторијата во Пелагонија, Македонија и Балканот.*

Клучни зборови: *Пелагонија, (е)неолит, керамика, архитектура, датирање*

Споменичката целина Маркови Кули е надалеку позната по своите импресивни средновековни градби и материјална култура. Во текот на долгогодишните истражувања на овој простор фокусот бил токму на средниот век, поради доминантната фортификациона архитектура којашто го надвишува градот Прилеп, како и поради бројните цркви што се наоѓаат во овој ареал. Ваквиот пристап овозможил детален увид во средновековните градежни техники и иконографија, но исто така и темелно разбирање на секојдневниот живот на луѓето и предметите што тие ги изработувале[1]. Меѓутоа, во овој огромен споменички комплекс, што опфаќа територија од неколку илјади хектари и која се шири многу подалеку од препознатливата пелагонска тврдина над Прилеп, се наоѓаат бројни локалитети што биле активни и пред средниот век. Покрај многуте локации датирани во антиката, регистрирани и истражувани се повеќе предисториски населби и

1 Бабиќ, Б. 1986. *Материјалната култура на Македонските словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп, Прилог за историјата на културата на македонскиот народ*. Прилеп: Институт за старословенска култура.



Сл. 1. Карта на Пелагонија со локација на Маркови Кули (изработил: Гоце Наумов).

Fig. 1. Map of Pelagonija with the location of Markovi Kuli (made by: Goce Naumov).

некрополи. Тие се проучувани делумно или се само наведени во различни пригоди, меѓутоа никогаш не се синтетизирани во контекст на споменичката целина Маркови Кули.

Северната половина на Пелагонија во повеќе наврати е истакната како простор којшто изобилува со предисториски локалитети[2]. Иако палеолитските и мезолитските населби никогаш не се откриени, како резултат на отсуство на стручњаци и рекогносцирања поврзани со овие периоди, сепак, она што им припаѓа на останатите предисториски периоди има исклучително значење за културното наследство во Македонија. Почнувајќи од неолитот па сè до железното време, истражени се повеќе населби и некрополи што укажуваат на почетоците на земјоделството и металургијата во Пелагонија, како и на нивниот развој во рамки на бројните заедници што го населувале овој простор. Во тој домен влегуваат и локалитетите што се дел од споменичкиот комплекс Маркови Кули кои, секако, не функционирале заедно во рамки на оваа модерна административна целина, туку имале свои независни улоги во одредени или различни периоди. Со цел да се истакне богатството на културното наследство во овој дел од

2 Китаноски, Б. 1961. Праисториски наоѓалишта во прилепскиот крај. *Стремеж*, 1961/VIII бр. 2. Прилеп: 39-49; Китаноски, Б. 1972. Краток преглед на праисторијата во прилепскиот крај. *Materijali IX. Simpozijum srednjevekovne sekcije arheološkog društva Jugoslavije*, Prilep 1970, Beograd: 9-20; Миткоски А., 2017, Нови сознанија за енеолитот во прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово, Зборник на трудови 20, Битола, 163 – 179; Гоце Наумов, Александар Миткоски, Александар Мургоски и Ѓоре Милевски 2017. Рекогносцирање на предисториски локалитети во Северна Пелагонија, *Патримониум* 15.

Пелагонија, трудот ќе направи општ преглед на предисториските локалитети што се регистрирани во просторот што го опфаќа спомеичкиот комплекс Маркови Кули, а потоа детално ќе се осврне на карпестото живеалиште што се наоѓа на локацијата Чардак (**сл. 1**).

Географија на Маркови Кули

Спомеичката целина Маркови Кули не го опфаќа само најкаракеристичното облежје на градот Прилеп, односно средновековната тврдина во неговиот северен дел. Таа се простира на голем простор од 3548 хектари на североисточниот раб на Пелагонската Котлина, односно на крајните источни делови на Прилепско Поле. Прилепско Поле и Селечка Планина се западни и јужни граници на овој културен и природен комплекс. На север, североисток и исток тој е омеѓен со планината Бабуна, додека Прилепска Река и Стара Река ги формираат неговите источни и западни хидрографски граници. Максималната висина во рамките на оваа целина изнесува 1422 метри (возвишението Златоврв), додека најниската е на околу 600 метри (рамницата во Прилепско Поле).


Во однос на геолошките карактеристики овој природен комплекс е препознатлив по својот диверзитет. Дел од него му припаѓа на прекамбриумскиот пелагонскиот масив познат како пелагонски хорст-антиклинориум, сочинет од карбонатни карпи, односно од гнајсеви, гранитоиди, микашисти, кварц и фелдспати. Во граничниот ареал надвор од овој природно-културен комплекс се присутни и мермерите, како и делувијалната и пролувијалната почва[3]. Што се однесува до хидрографијата, поради слабите врнежи на годишно ниво, овој простор не е богат со извори, односно со реки. Повеќето од нив се вливаат во Црна Река и Блато. Во рамки на границите на оваа природно-културна целина се наоѓаат Стара Река и Дабничка Река, а во граничниот дел, кај денешното вештачко Прилепско Езеро, Стара Река се спојува со Пештерица. Тие денес имаат мала количина на вода, но може да се претпостави дека во предисторијата биле побогати со оглед на бројноста на локалитети во нивна близина.

Ваквиот географски преглед на Маркови Кули дава можност да се согледаат природните услови во кои се формирале предисториските населби. Тој во голема мера се разликува од Пелагонската Рамница што е исполнета со алувијална почва низ која тече Црна Река и повеќе притоки што, секако, била причина многу повеќе предисториски заедници да ги подигнат своите живеалишта токму на ова плодно место. Тоа делумно и делувало во карактерот на населбите, така што тие во рамницата биле претежно земјоделски, додека оние во ареалот на Маркови Кули, којшто е претежно сочинет од ридови и планини, повеќе се занимавале со сточарство и лов. Во одредена мера тоа се одразува и на материјалната култура, иако во моментов не може да се тврди дека постојат големи разлики. Прегледот на локалитети што следи подолу, има за цел да ги претстави предисториските локалитети во ареалот на Маркови Кули и да посочи на нивните културни обележја.

Предисториски локалитети

И покрај тоа што оваа спомеичка целина е препознатлива по средновековниот град, синхроните локалитети и манастири, сепак, изобилува со предисториски населби и некрополи. Тие се

3 Arsovski, M. 1997. *Tectonic of Macedonia*. Faculty of Geology and Mining: Štip.; Трифуновски, Ј. 1998. *Битољско-прилепска котлина: антропогеографска проучавања*. Београд: Српска академија наука и уметности; Dumurdzanov, N.; Serafimovski, T. and Burchfiel, B. C. 2004. *Evolution of Neogene-Pleistocene Basins of Macedonia*. Digital Map and Chart Series 1 Acompanying notes). Boulder: Geological Society of America.



Сл. 2. Карта со границите на споменичката целина Маркови Кули и позициите на предисториските локалитети (изработил: Христијан Талевски).

Fig. 2. Map with the borders of the Markovi Kuli monument and the positions of the prehistoric sites (made by: Hristijan Talevski).

распослани низ целата територија на овој комплекс, но не мал број се наоѓаат и во просторот непосредно до неговите граници, така што формираат систем од локалитети формирани во неолитот, енеолитот, бронзеното и железното време. Повеќето од локалитетите се само рекогносцирани, така што не постојат подетални податоци за нив, додека десетина се истражени со помали сондажни ископувања. Сепак, иако скромни, овие податоци даваат првични сознанија за материјалната култура којашто освен за датирање може да се ползува и за определување одредени аналогии и контакти меѓу населбите што се наоѓаат во овој археолошки комплекс, но и надвор од него.

Во рамки на границите на споменичката целина Маркови Кули регистрирани се десет предисториски локалитети, додека во непосредна близина на нејзините граници познати се 18 наоѓалишта со слична хронологија и културна припадност (**сл. 2**). Меѓу оние што се наоѓаат во границите, најмногу локалитети се датираат во бронзеното време (5), иако два од нив имаат континуитет и во железното време. Не е многу помал и бројот на енеолитски населби (4), а една од нив продолжува да функционира во бронзеното време. Досега не е регистрирано ниту едно наоѓалиште што е основано во неолитот, што може да е резултат на недоволната истраженост на овој

простор, но, исто така и на неговите географски обележја. Имено, границите на споменичкиот комплекс се наоѓаат во рамките на ридско-планински предел којшто не е особено атрактивен за првите земјоделски заедници во Пелагонија. Секако дека во неолитот, и тоа особено во доцните фази, познати се населби на ридовите, меѓутоа во овој дел на Бабуна и Селечка Планина сè уште не се откриени локалитети од ова време. Тука треба да се напомене дека во граничниот простор на Маркови Кули, и тоа особено во Прилепско Поле регистрирани се осум неолитски локалитети што очигледно укажува на просторот што првите земјоделци го преферирале.

Во секој случај, останува да се интензивираат истражувањата на ридско-планинскиот ареал на Маркови Кули во кого може да се очекуваат и доцнонеолитски локалитети. Тука треба да се укаже на два локалитета од оваа целина коишто во текот на првичните рекогносцирања се едноставно опишани како предисториски, без да се даде увид во нивниот материјал. Тие може да содржат и неолитска керамика, поради што е неопходно натамошно проучување на наодите од идните истражувања бидејќи претходните не биле депонирани во соодветните институции. Исто така, потребна е ревизија и на материјалот од останатите локалитети којшто би се проучил од стручњаци за неолитот, со оглед на тоа што рекогносцирањата во далечното минато претежно ги правеле археолози специјализирани на антиката и средниот век. Во секој случај, постојат повеќе елементарни податоци за веќе откриените предисториски наоѓалишта во комплексот Маркови Кули, па подолу ќе се направи и нивни краток преглед. Потоа ќе следи и подетален увид на еден од најдобро истражените во овој ареал, односно т.н. карпесто живеалиште на Чардак.

Како што беше и погоре посочено, досега во рамки на границите на спомениčката целина Маркови Кули регистрирани се десет локалитети од кои четири се датирани во енеолитот. Некои од нив продолжуваат да функционираат и во бронзеното време.

- ***„Каменица“, Прилеп***

Координати: X = 41° 22’ 11. 28» ; У = 21° 34’ 28. 75»

Висина: 742 метри

Локалитетот се наоѓа на околу 2,0 километри североисточно од последните куќи на градот Прилеп и на околу 250 метри западно од патот Прилеп – Велес, и на него е евидентирана населба која егзистирала во времето на енеолитот[4]. На блага падина што се спушта од ридот Кукул, распослани се парчиња од дислоциран куќен лепеж, фрагменти од садови, фрагмент од модел на куќа, глава од антропоморфна фигурина, кремени ножиња и прешлен со биконусна форма[5]. На највисокиот дел на локалитетот се наоѓа двојно корито издлабено во карпа за кое се смета дека било користено во антиката кога овој простор бил повторно активен. Во 50 –тите години на 20-от век на овој простор се наоѓал каменолом поради што локалитетот е скоро целосно уништен. Тоа значи дека не е преостанат многу простор за натамошни истражувања, поради што во иднина иницијативата за негово проучување треба да се интензивира. Според површинските наоди тој ги содржи карактеристичните предмети и обележја за овој регион. Мошне веројатно комуницирал со истодобните населби во неговата непосредна близина или, пак, претставувал нова населба на население раселено од овој или некој подалечен простор.

4 Археолошка карта на Република Македонија, том II, Скопје 1996, 308.

5 Миткоски А., 2017, Нови сознанија за енеолитот во прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово, *Зборник на трудови* 20, Битола, 165; Миткоски А., 2017, Модели на куќи од времето на енеолитот од подрачјето на прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово, Фиданоски, Љ. и Наумов, Г. (ур.) *Неолитот во Македонија: чекор напред во проучувањето на првите земјоделски општества*, Центар за истражување на предисторијата, Скопје, 191.

- ***„Кукул - Баба“, Прилеп***
Координати: X = 41° 27’ 53. 73»; У = 21° 34’ 39. 06»
Висина: 905 метри

Локалитетот се наоѓа 4,5 километри североисточно од центарот на Прилеп и 6,0 километри западно од планинскиот премин Плетвар[6]. Има мошне поволна положба со доминација над широката околина, особено во поглед на прегледноста кон преминот на планинскиот превој Плетвар, како и на приодниот дел на патот што води од преминот Дервен кон Прилеп. Ридот Баба претставува доминантен карпест врв и истиот бил утврден во антиката и средниот век. Површинскиот материјал сугерира постоење и на енеолитска населба што, исто така имала и стратешка улоѓа во контролирањето на комуникацијата во североисточниот дел на Пелагонија[7]. Поради континуираното уништување на локалитетот од страна на дивите копачи тој е видно оштетен и неопходно е негово навремено истражување за да се направи детален увид во хронолошките и културните карактеристики на населбата.

- ***„Мал Сурун - Орлов Камен“, Дупјачани***
Координати: X = 41° 26’ 05. 75»; У = 21° 31’ 56. 35»
Висина: 800 метри

Локалитетит претставува ниско, карпесто возвишение кое се наоѓа на околу 1,0 километар, југоисточно од село Дупјачани. Во 2016 и 2017 година, НУ Завод и музеј, Прилеп изврши археолошко истражување при што се откриени темели од повеќе антички градби, а се регистрирани и неколку карпи со видливи обработувања (делкања и вдлабувања)[8]. Меѓу движните наоди се пронајдени и фрагменти од енеолитски керамички садови, жртвеник од типот „масичка“ на четири нозе и прешлени со конусна форма. Тоа укажува на енеолитска населба со стандардна материјална култура за овој период, а која преку идните археолошки истражувања фокусирани на предисториските слоеви може да приложи и нови сознанија за општествениот и обредниот карактер на овој локалитет. Меѓу другото, тој има континуитет и во бронзеното време, така што неговото проучување може да даде увид и во животот на бронзенодобното население во овој дел од Пелагонија.

Според досегашните сознанија, спомениčкиот комплекс Маркови Кули е застапен со пет локалитети од бронзеното време, што воедно претставува и најголемиот број на наоѓалишта од одредена предисториска епоха. Покрај горе наведениот локалитет „Мал Сурун“,се регистрирани уште четири, од кои две имаат континуитет и во железното време.

- ***„Светӣец“, Варош***
Координати: X = 41° 21’ 34. 66»; У = 21° 32’ 02. 57»
Висина: 735 метри

Локалитетот се наоѓа во непосредна близина на манастирот Св. Архангел Михаил, односно од десната страна на патот кога се слегува кон Варош[9]. Под една карпа со фреска на Св. Архангел Михаил откриен е гроб со урна во која се наоѓале остатоци од кремирана жена[10]. Овој гроб, мошне

6 Археолошка карта на Република Македонија, том II, Скопје 1996, 307; Лилчиќ В. и Миткоски А., 1995. “Баба” – Прилеп, *Зборник на Музеј на Македонија* 1 - археологија, Скопје, 147–151.

7 Миткоски А., 2008, Баба, Прилеп, *Македонски археолошки пре̄глед* 1, Скопје, 140 – 142.

8 Temelkoski D. and Stankoski J., 2018, Two rocks - cut ritual complex in the areas of Prilep and Kratovo, “*Giving gifts to God“, Conference proceedings Kokino* (2016-2017), Museum of Kumanovo, 49-58; Темелкоски Д. и Јандреска О., 2018, “Карпи со култна намена на акрополата на ридот Мал Сурун кај село Дупјачани”, *Археолошки информато̄р* 2, ЗГ Менелај, Прилеп, 51-59.

9 Археолошка карта на Република Македонија, том II, Скопје 1996, 288.

10 Китаноски Б., 1987, Еден прилог за бронзеното време

веројатно, е дел од покомплексна бронзенодобна некропола којашто во иднина треба потемелно да се истражи, а со цел да се разберат фунерарните обичаи, но и материјалната култура на населението што некогаш живеело во просторот на денешниот град Прилеп.

- ***„Слон“, Варош***
Координати: X = 41° 21’ 30. 91»; У = 21° 32’ 27. 27»
Висина: 738 метри

Локалитетот се наоѓа во југоисточното подножје на Маркови Кули, односно во непосредна близина на карпата која поради својот сугестивен облик е именувана „слон“[11]. Во 1965 година, тогашниот Народен музеј од Прилеп извршил мали археолошки истражувања при што се откриени фрагменти од бронзенодобни садови со фина и груба фактура, како и со повеќе нијанси на црна и сива боја добиени со печењето[12]. Во близина на ова место се документирани и неколку гробови со трапезоидна форма издлабени во карпа, а кои можат да се датираат во средниот век. Додека не се извршат некои идни ископувања, останува нејасно дали овој локалитет претставува единствено бронзенодобна населба или, пак, имало и некропола во негова близина.

- ***„Дрми“, Горно Село***
Координати: X = 41° 25’ 53. 50»; У = 21° 31’ 38. 94»
Висина: 703 метри

Локалитетот се наоѓа на околу 1,2 километри северозападно од село Горно Село и на околу 1,1 километар југоисточно од село Дупјачани, односно на последните западни падини на ридот Сурун[13]. Во просторот кој денеска се користи за ниви се откриени бројни фрагменти од керамика, кружни плочки и орудија од камен, што може да се датираат во бронзеното и железното време. Со оглед на скромните сознанија за овој локалитет, неопходни се идни темелни рекогносцирања или систематски ископувања, со што би се утврдил карактерот на локалитетот.

- ***„Самовилец“, Сенокос***
Координати: X = 41° 24’ 32. 49»; У = 21° 29’ 30. 10»
Висина: 726 метри

Локалитетот се наоѓа приближно 600 метри југоисточно од село Мало Мраморани и на околу 2,0 километри источно од село Сенокос, односно во западното подножје на планината Негреа. Во близина на една поголема гранитна карпа се наоѓаат бројни фрагменти од керамика коишто може да се датираат во бронзеното и железното време. На околните карпи се издлабени повеќе двојни корита, најверојатно за гмечење на грозје во антиката.

- ***„Кукул – Горни Чаир“, Прилеп***
Координати: X = 41° 22’ 53. 45»; У = 21° 34’ 55. 73»
Висина: 795 метри

Локалитетот се наоѓа на околу 370 метри источно од локалитетот “Баба“. Тука, на пониските источни падини на планината Кукул, меѓу огромните карпи се наоѓаат мал број на фрагменти од предисториска керамика. Иако овој простор е познат преку една хеленистичка гробница со дромос, преткомора и комора[14], сепак, може да се

на Пелагонија, *Macedoniae acta archaeologica* 7 – 8 (1981 - 82), Скопје, 31 – 37.

11 Археолошка карта на Република Македонија, том II, Скопје 1996, 288.

12 Китаноски Б., 1961, 45 – 46.

13 Овој локалитет е утврден при археолошки рекогносцирања извршени во 2012 година од страна на стручни лица од НУ Завод и музеј, Прилеп.

14 Миткоски А. и Темелкоски Д., 2013, Три нови гробници издлабени во карпа во прилепско, *Македонско наследство*,

претпостави дека функционирал и како населба или некропола во предисторијата. Натамошното проучување на површинскиот материјал може да укаже и на релативното датирање на локалитетот, за што во моментот не постојат точни индикации.

- ***Манастир Трескавец – потег Бунарот, Горно Село***
Координати: X = 41° 24' 16. 38»; У = 21° 32' 17. 48»
Висина: 1275 метри

Од овој локалитет потекнува една камена секира со грубо мазнета површина, а којашто во горниот дел има помал вдлабен круг што, најверојатно, е зачеток при правење на отвор[15]. Имајќи ги предвид овие карактеристики би можело да се претпостави дека секирата ѝ припаѓа на подоцнежната предисторија, но тоа би можело да се потврди единствено преку нејзино споредување со материјалот откриен во непосредна близина. Во прилог на тоа одат неодамнешните истражувања на потегот „Бунарот" каде што покрај средновековните и античките слоеви, исто така констатирана е предисториска керамика[16].

- *предисториски локалитети во граничната зона на комплексот Маркови Кули*

Покрај горенаведените локалитети што се наоѓаат во границите на Маркови Кули, откриени се и други што се наоѓаат близу до нив, односно веднаш до граничната зона. Тие можеби биле синхрони со веќе постоечките предисториски населби или, пак, биле формирани непосредно по напуштањето на некои од нив, така што сличноста на материјалната култура ја истакнува нивната взаемна врска. Поради тоа, тука може да се направи само општ преглед на нивниот квантитет и основни обележја, а во некоја друга прилика и подетално да се разгледаат нивните соодноси.

Во овој простор досега регистрирани се околу 25 локалитети формирани во неолитот, енеолитот, бронзеното и железното време, а меѓу нив постојат и такви што имаат континуитет во повеќе предисториски епохи. Најчести се железнодобните и неолитските локалитети, додека бронзенодобните и енеолитските се многу поретки. Ваквиот сооднос, секако, може да се должи и на нивото на истраженост на локалитетите, потоа на фактот што во голема мера оваа гранична зона е покриена од денешниот град Прилеп и бројни локалитети ќе останат неоткриени. Овде, секако не треба да се занемарат и општествено-економските процеси во предисторијата што условиле да има повеќе или помалку населби во различни нејзини етапи. Земјоделството, секако, било стопански двигател во неолитот и затоа не случајно многу населби од овој период се наоѓаат во рамничарскиот предел, веднаш до граничната зона на комплексот Маркови Кули. Доминатната позиција на ридовите во рамките на оваа споменичка целина била атрактивна за контролирање на главните комуникациски пунктови во железното време, поради што не треба да изненади и големиот број на локалитети од овој период. Секако, истиот простор мошне веројатно бил стратешки интересен и порано во енеолитот и бронзеното време, но тогаш тој не бил толку населен или, пак, едноставно е недоволно истражен штом бројот на локалитети од овие етапи е неспоредливо помал со оној во неолитот и железното време.

Досега се откриени 8 неолитски локалитети во овој граничен ареал, повеќето само рекогносцирани, а некои и сондажно истражувани. Меѓу

списание за археологија, историја, историја на уметност и етнологија, бр. 40 – 41, Скопје, 83 – 99.

15 Археолошка карта на Република Македонија, том II, Скопје 1996, 313.

16 За овие податоци авторите му благодарат на д-р Бранислав Ристески, раководителот на ископувањата во рамките на манастирскиот комплекс Трескавец.

ископуваните наоѓалишта може да се издвојат „Али Чаир“ во Прилеп, „Радин Дол“ кај Ореовец и „Пештерица“ кај Присад, а коишто даваат основни податоци за пораните етапи на неолитот во овој простор[17]. Останатите локалитети, како што се „Болница – Учителска Школа“, „Ѓумушица“, Топташ“ и „Долно Садово“ под или во непосредна близина на Прилеп, како и „Лечиште“ кај Небрегово, се познати единствено преку своите површински наоди[18]. Иако скромни во домен на податоците, сепак, и овие наоѓалишта даваат информации за дистрибуцијата на неолитски населби во североисточните периферни делови на Пелагонија и ја надополнуваат сликата за густиот распоред на селата на првите земјоделци во овие простори[19].

Што се однесува до енеолитот, само еден локалитет е регистриран со материјална култура од овој период. Станува збор за наоѓалиштето „Ридот“ кај Мажучиште кој се наоѓа на доминантен рид што овозможува прегледност на целата рамница во северните делови на Пелагонија[20]. Поради својата стратешка позиција тој бил користен и во бронзеното и железното време. Покрај овој, откриени се и други бронзенодобни локалитети во граничната зона со Маркови Кули, и тоа во месноста Варош. Станува збор за некропола и керамичко депо, што укажува на фактот дека во непосредна близина би требало да биде и населбата од истото време[21]. Може да се претпостави дека населбата се наоѓа на еден од неколкуте бронзенодобни локалитети во споменичката целина Маркови Кули, и особено оној именуван како „Слон“. Од периодот што го зафаќа крајот на бронзеното и почетокот на железното време, е откирен веќе споменатиот локалитет „Болница – Учителска Школа“ во Прилеп, којшто претставува некропола формирана врз неолитска тумба, за жал, уништена поради градежните активности.

Како што беше и погоре посочено, железното време е застапено со најголем број на наоѓалишта. Во рамки на градот Прилеп тоа е локалитетот „Касарни“[22], додека во рамките на приградската населба Варош се откриени повеќе локалитети, и тоа некрополи, што потврдува дека биле во функција на населбата што, најверојатно, се наоѓала на Маркови Кули. Тука треба да се наведат и гробот откриен на потегот на улицата „Мире Цилкоски“ бр. 7, во Варош, како и некрополите на локалитетите „Заград – Манастирски Ниви“ и „Попадин Дол“[23]. Локалитети што излегуваат надвор од ова градско јадро се

17 Mitkoski, A. 2018. Late Neolithic Settlement Ali Čair, Prilep. In Fidanoski, Lj. and Naumov G., *Neolithic in Macedonia: challenges for new discoveries*. Skopje: Center for Prehistoric Research; 137-184.; Китаноски, Б., Симоска, Д. и Тодоровиќ, Ј. 1987. Радин Дол: Неолитска населба кај Прилеп. *Macedonia Acta Archaeologica* 7-8. Skopje: 7-29.; Китаноски, Б., Симоска, Д., и Тодоровиќ, Ј. 1980. Населбата Пештерица и проблемот на раниот неолит во Пелагонија. *Macedoniae Acta Archaeologica* 6. Скопје: 9-20.

18 Китаноски Б., 1961, Праисториски наоѓалишта во прилепскиот крај, Стремеж бр. 2, Прилеп, 45; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје 1996, 304, 308; Темелкоски Д. и Миткоски А, 2004, Нови праисториски локалитети во прилепскиот дел на Пелагонија, *Зборник на трудови* 15, Битола, 133–145.


19 Наумов и др. 2017, 12-20.

20 Миткоски А., Темелкоски Д, Локалитетот Ридот кај село Мажучиште, *Macedoniae acta archaeologica* 21, Скопје, 173 – 198.

21 Китаноски Б., 1978, Ранобронзенодопски гробови од Варош кај Прилеп, *Macedoniae acta archaeologica* 14, (1993 - 1995), Скопје, 33; Китаноски Б., 1980, Праисториско керамичко депо од Варош кај Прилеп, *Macedoniae acta archaeologica* 6, Скопје, 21; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје 1996, 283.

22 Китаноски Б., 1971, Прилеп и прилепско во праисторијата, *Прилеп и прилепско низ историјата*, дел 1, глава II, Прилеп, 30; Китаноски Б., 1976, Неколку праисториски наоди од Прилеп, *Macedoniae acta archaeologica* 2, Прилеп, 122 – 3. Сл. 2, 3; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје 1996, 308.

23 Китаноски Б., 1961, Праисториски наоѓалишта во прилепскиот крај, *Стремеж* 2, Прилеп, 48; Китаноски Б., 1966, Фибули од V - III век од старата ера во Народниот музеј во Прилеп, *Зборник на Археолошки музеј* IV - V, Скопје, 1 – 14, Т.I-III; Kitanoski B., 1971, Nekoliko nalaza iz gvozdenog doba Pelagonije i Raeca, *Materijali* VII, Beograd, 105 – 9 , T.II; Китаноски Б., 1976, Неколку праисториски наоди од Прилеп, *Macedoniae acta archaeologica* 2, Прилеп, 123, Сл. 2, 4.



Сл. 3. Карта на Маркови Кули со посочена позиција на Чардак и локалитетот со карпестото живеалиште (изработил: Гоце Наумов според Rogosz 1990, Ryc. 1).

Fig. 3. Map of Markovi Kuli with indicated positions of Chardak and the site with the stone habitat (made by: Goce Naumov according to Rogosz 1990, Ryc. 1).

некрополите на „Сивец“ кај селото Присад и споменатиот „Ридот“ кај селото Мажучиште, којшто и во тоа време имал контролна и стратешка улога[24]. Секако, неопходно е многу потемелно проучување на железнодобните локалитети, но и на оние од претходните предисториски периоди, за темелно да се разбере соодносот меѓу населбите и некрополите, но исто така и оној меѓу самите населби во домен на економијата, религијата и судирите што постоеле во тоа време.

Ова поглавје претставува само краток, сожет преглед на локалитетите откриени во рамки на споменичката целина Маркови Кули и просторот околу неговата гранична зона. Тоа дава општ увид во предисторијата на ова подрачје и говори за хронологијата и карактерот на заедниците што него го населиле, а воедно ја потврдува културната динамика што непрестано трае од шестиот милениум п.н.е., преку антиката и средниот век до денес. Со оглед на тоа што не се вршени пообемни истражувања, односно систематски ископувања на предисториските локалитети, не може да се разберат социјалните, стопанските и симболичките процеси што се одвивале во овие населби и некрополите повр-

24 Kitanoski B., 1971, Nekoliko nalaza iz gvozdenog doba Pelagonije i Raeca, *Materijali* VII, Beograd, 105, T.I, 1, T.II; *Археолошка карта на Република Македонија*, том II, Скопје 1996, 310; Миткоски А. и Темелкоски Д, 2018, Локалитетот Ридот кај село Мажучиште, *Macedoniae acta archaeologica* 21,Скопје, 173 - 198




Сл. 4. Дронска фотографија на Чардак со означена позиција на карпестото живеалиште (фото: Ивица Милевски, обработка: Гоце Наумов)

Fig. 4. Drone photo of Chardak with marked position on the stone habitat (photo: Ivica Milevski, editor: Goce Naumov)

зани со нив. Во моментот, единствен исклучок кој отстапува од оваа практика е карпестото живеалиште на локацијата Чардак во повисоките северозападни падини на Маркови Кули, којшто е темелно истражен и заслужува потемелен преглед и толкување. Поради тоа, во преостанатиот дел од овој труд ќе се направи опсежен осврт на ова наоалиште и ќе се приложат неколу размислувања за неговиот културен карактер, хронологијата и аналогиите што ги има со други синхрони локалитети во регионот и пошироко на Балканот.

Карпестото живеалиште на локалитетот „Чардак“ - Маркови Кули

Во текот на многугодишните ископувања на Маркови Кули, покрај интензивното проучување на средновековните градби, темелно е истражен и еден предисториски локалитет. Станува збор за просторот именуван како „Чардак“ што се наоѓа на самата средновековна тврдина над градот Прилеп, односно на врвот од ридот (**сл. 3**). Тој е позициониран на неговата северозападна страна, но опфаќа многу поширок дел од оној публикуван како карпесто живеалиште. Имено, станува збор



Сл. 5. Стратиграфски план на карпестото живеалиште (изработка: Александар Миткоски и Гоце Наумов според Rogosz 1990, Ryc. 38).

Fig. 5. Stratigraphic plan of the stone habitat (made by Aleksandar Mitkoski and Goce Naumov according to Rogosz 1990, Ryc. 38).

за помала истражувана површина во падините под средновековниот ѕид, за која се смета дека претставува предисториско живеалиште под карпата врз која подоцна бил формиран ѕидот (**сл. 4**). Меѓутоа, според информациите од Бранислав Атанасоски, еден од членовите на меѓународниот тим што работел во овој сектор, предисториски материјал е откриен и во рамки на просторот што се наоѓа во средновековната тврдина, познат како „Двор Ц“[25]. Тоа значи дека освен посоченото живеалиште постоел многу поголем простор којшто најверојатно функционирал како предисториска населба, за што и подолу ќе стане збор.

Овој дел од Маркови Кули, определен како „Чардак Б“, бил истражуван од страна на полско-југословенски тим во 1980 година, а публикуван една декада подоцна во монографија што ги опфаќа истражувањата на полскиот тим[26]. Работата се концентрирала на т.н. карпесто живеалиште што било поставено на една масивна карпеста платформа во природно формирана камена ниша, подоцна затрупана со рушење на горните карпи. Во овој геолошки процес паднатите карпести делови го оштетиле и предисториското живеалиште, така што немало можност тоа во целост да се истражи. Во текот на средниот век, но и подоцна, врз овој простор еродирале материјали од овој период, па во просторот на живеалиштето се формирала вештачка стратиграфија што ги исполнувала деловите меѓу паднатите масивни камења (слоеви I-III). Притоа, археолозите констатирале четири слоја, од кои горните три биле со измешан средновековен и антички материјал, а само долниот IV слој содржел предисториски наоди (**сл. 5**)[27].

25 Авторите му благодарат на колегата Бранислав Атанасоски за овие мошне битни информации.


26 Rogosz, R. 1990. *Markovi Kuli: prazwodanie z prac misji 1984-1988*. Warszawa: Pracownie Konserwacji Zabytkow.

27 Цнотливи, Е. 1990. Праисториското карпесто живеалиште на падините на Маркови Кули. Во Рогош, Р.

Тоа дало доволно материјал и информации за да може да се направи научен осврт на т.н. карпесто живеалиште и да се смести во одредени културни и хронолошки рамки. Поради тоа, овој труд ќе направи ревизија на резултатите од истражувањата во 1980-тите и ќе приложи нови согледувања на хронологијата и археолошкиот материјал[28].

Хронологија на локалитетот

Временските рамки на т.н. карпесто живеалиште се определени благодарение на бројните керамички фрагменти, но и поради апсолутното датирање на органски примероци. Што се однесува до керамичкиот материјал, истражувачите на локалитетот во консултација со Драгица Симоска од музејот во Битола, го определуваат во пошироки хронолошки рамки, односно од неолитот до бронзеното време. Тие потенцираат дека најголемиот број на наодите припаѓаат на доцниот неолит и раното бронзено време, додека само некои обележја го сугерираат енеолитскиот период[29]. Меѓутоа, после направениот увид во керамичкиот материјал во зимата, 2019 година, може да се констатира дека најголемиот дел од наодите припаѓаат на енеолитот, а многу помалку можат да се определат во неолитот и бронзеното време, за што и подолу ќе стане збор. Ваквото ревидирање е сосем основано бидејќи во моментот постојат многу повеќе сознанија за карактеристиките на керамиката во различните етапи на предисторијата, отколку во времето на истражување на



Сл. 6. Графички приказ на датирањето на карпестото живеалиште околу 5600 г.п.н.е. (изработка и калибрација: Гоце Наумов според Паздур 1990, 70-75).

Fig. 6. Graphic representation of the dating of the stone habitat around 5600 BC. (preparation and calibration: Goce Naumov according to Pazdur 1990, 70-75).

локалитетот. Поради тоа и очекувано е да се даде и поинакво датирање на предисториската населба од она во првичните истражувања.

Но, од друга страна, покрај релативната хронологија извршена преку керамичките фрагменти, полскиот тим направил и радиокарбон анализа (позната преку C^{14} методот)[30]. Според добиените лабораториски резултати од Шлонскиот универзитет, предисториските фази на локалитетот се датираат во средниот неолит и средното железно време. Меѓутоа, откриениот археолошки материјал скоро воопшто нема карактеристики на овие две предисториски фази, така што се отвораат низа прашања за хронологијата на локалитетот и квалитетот на добиените резултати.

Имено, добиената лабораториска дата од коска на овца, односно коза, изнесува 6680±110

(ур.) *Тврдината Маркови Кули: извештаи од работата на мисијата 1984-1988*: 62-69. Варшава: Працовние консервацји забитков,62.

28 За оваа цел, авторите на трудот имаа можност да ја обработат керамиката и документацијата поврзани со т.н. карпесто живеалиште, депонирани во Институтот за старословенска култура. За оваа укажана можност, авторите им благодарат на директорот Бранислав Ристески и докторантот Христијан Талевски, посебно за нивната помош и разбирање.

29 Цнотливи, Е. 1990, 66-68.

30 Паздур, М. 1990. Датирање на органски примероци од археолошко-конзерваторските истражувања со радиокарбоновиот метод С-14. Во Rogosz (ed.) *Markovi Kuli: prazwodanie z prac misji 1984-1988*: 70-75. Warszawa: Pracownie Konserwacji Zabytkow.

BP, за да после нејзиното калибрирање таа се постави календарски меѓу 5808 и 5465 год.п.н.е. (приближно околу 5600 год.п.н.е) и тоа со 93.9% веројатност (**сл. 6**)[31]. Според востановената хронологија за македонскиот неолит[32], оваа дата од средината на шестиот милениум п.н.е. сосема соодветствува на средниот неолит. Анализираниот примерок од овца (односно коза) повторно укажува на животно доместицирано нешто порано во неолитот, но интензивно користено токму во оваа фаза[33]. Поради тоа, изненадува фактот што керамика од оваа фаза скоро воопшто нема, освен неколку мали фрагменти што имаат фактура вообичаена за средниот неолит, но, исто така и за подоцнежните етапи. Дури и во рамки на карактеристиките на неолитската Велушко-породинска културна група, вообичаена за целата територија на Пелагонија[34], многу малку елементи од керамичкиот материјал на Чардак укажуваат на нејзината стандардна типологија. Од тие причини, нејасно е дали оваа населба се формирала во средниот неолит или, пак, станува збор за простор користен од сточари коишто тука кратко престојувале при пасењето на овците и козите.

Тоа што анализираниот примерок му припаѓа на доместицирано животно, ја исклучува можноста дека станува збор за единка која случајно се нашла и умрела токму во просторот што го опфаќа локалитетот. Секако, не треба да се исклучи и можноста за евентуални грешки при лабораториските анализи, особено ако се земе предвид фактот дека е обработен само еден примерок. Но, имајќи предвид дека животинските коски, особено колагенот што тие го содржат, се едни од најреферентните показатели за хронолошка вредност, тогаш воопшто не би требало да се занемари точноста добиена од нивните анализи. Преостанува во иднина да се извршат нови анализи на останатите коски од локалитетот и доколку е возможно да се добие хронолошка секвенца со повеќе дати коишто точно ќе го утврдат временскиот распон на оваа предисториска населба[35].

Истата дискусија се однесува и на примерокот што е датиран во средното железно време. Имено, станува збор за примерок од јаглен пронајден на локалитетот којшто, исто така, е анализиран во Шлонскиот универзитет[36]. Неговата лабораториска дата изнесува 2540±50 BP, додека календарски таа може да се смести меѓу 807 и 515 година (со 95.4% веројатност), односно околу 700 година п.н.е. Имајќи ја предвид востановената хронологија за железното време[37], оваа дата укажува на крајните етапи на средното железно време, а со оглед на хронолошкиот флуктуирачки карактер на јагленот, може да се однесува дури и на архајскиот период. За разлика од животинските коски, остатоците од дрво (јаглен) не даваат толку прецизни дати и може да се дел од дрво кое е постаро дури и повеќе од 100 години од времето кога тоа е користено на локалитетот.

Но, она што не оди во прилог на добиената дата е токму материјалната култура. Имено, ре-

31 Наумов, Г. 2016. Калибрирана хронологија на неолитските тумби во Македонија. Во Наумов, Г., и Фиданоски, Љ. (ур.) *Неолитот во Македонија: нови сознанија и перспективи*: 67–96. Скопје: Центар за истражување на предисторијата.

32 Санев, В. 1995. Неолитот и неолитските култури во Македонија. *Цивилизации на почвата на Македонија* 2: 21-46. Скопје: МАНУ.

33 Ивковска, А. 2009. Сточарство и лов. Во Наумов, Г., Фиданоски, Љ., Толевски, И. и Ивковска, А. *Неолитските заедници во Република Македонија*: 53 – 63. Скопје: Данте. 2009.

34 Симоска, Д. и Санев, В. 1976. *Праисторија во Централна Пелагонија*. Битола. Битола: Народен музеј Битола; Санев, В. 1994. Младото камено време. Во (без уред.) *Археолошка карта на Република Македонија* 1: 26-42. Скопје: МАНУ.

35 Во текот на обработката на материјалот од карпестото живеалиште, авторите на овој труд констатираа и одредена количина на животински коски што би можеле во иднина да се искористат за радиокарбон и AMS анализи.

36 Паздур, М. 1990, 74.

37 Митревски, Д. 2013. Праисторија во Република Македонија. Во Кузман, П.; Димитрова, Е. и Донев, Ј. (уред.) *Македонија: милениумски културно-историски факти*: 297-430. Скопје: Медиа Принт и Универзитет Евро-Балкан.




Сл. 7. Сегашната состојба на просторот каде што се наоѓало карпестото живеалиште (фото: Гоце Наумов).

Fig. 7. The current condition of the area where the stone habitat was located (photo: Goce Naumov).

ко кој од откриените керамички фрагменти има карактеристики специфични за железото време, а уште помалку за неговите средни или доцни фази. Оттука се поставува прашањето за лабораториското датирање на локалитетот бидејќи датата и материјалната култура воопшто не соодветствуваат. Сепак, има неколку можни објаснувања. Првото се однесува на тоа што ова е единствен примерок од јаглен датиран во ова време, така што може да се работи за лабораториска грешка или, пак, за недоволен број на примероци. Исто така, треба да се има предвид дека јагленот може да биде дел од дрво кое воопшто нема врска со животот во објектот. Имајќи ги предвид еродираните слоеви во стратиграфијата, ова парче дрво може да биде навистина од железното време, односно од период кога имало активност во друг погорен дел од локалитетот. Постојат повеќе толкувања што може да ја објаснат оваа дискрапанца, но ниту еден одговор нема да биде задоволувачки додека повторно не се направи истражување на локалитетот и не се анализират многу повеќе примероци, и тоа не само од јаглен туку и од коска и жито што, пак, може да даде многу померодавни податоци за хронологијата. Тоа во секој случај би се однесувало на целосното датирање на овој локалитет и формирање на прецизни временски рамки во предисторијата.

Архитектура

Иако од страна на полскиот тим истражуваниот локалитет е именуван како карпесто живеалиште, сепак, не постојат многу податоци за неговата архитектура. Освен малуброjните парчиња лепеж ништо друго не сугерира на одредени архитектонски обележја, така што може да се потврди дека станува збор за поедноставна градба која е резултат на минимално модифицирање на карпестиот предел (**сл. 7**). Сепак, архе-



Сл. 8. Просторен план на карпестото живеалиште (изработка: Александар Миткоски и Гоце Наумов според Rogosz 1990, Ryc. 37).

Fig. 8. Stratigraphic plan of the stone habitat (made by Aleksandar Mitkoski and Goce Naumov according to Rogosz 1990, Ryc. 37).

олошките истражувања во 1980-тите укажуваат на тоа дека во овој објект се одвивал некаков живот, што го потврдуваат и двата слоја сочинети од концентрација на керамика, лепеж, коски и гареж.

Објектот претставува исклучок во атарот на Маркови Кули бидејќи слични конструкции до сега не се констатирани во оваа споменичка целина. Се работи за поткарпа во која е направена минимална интервенција таа да се прилагоди за одредени активности: живеење, кратко престојување, работилница или остава. За повеќето од овие функции нема доволно аргументи, иако тие не треба да се изостават. Станува збор за објект којшто имал површина од околу 22м^2, односно 7,5 метри должина и 3 метри широчина, како и околу 1,5 метри висина (**сл. 8**). Според измерените димензии, очигледно се работи за помал објект којшто бил затворен од северната страна со ѕид од лепеж, додека влезот најверојатно бил од западната страна каде што е констатирана и камена тераса, прилагодена за полесен пристап во објектот[38].


Лепежот сочинувал тенок ѕид во кого не се констатирани дрвени конструкции, така што тој бил едноставно налепен вертикално од основата на карпата до онаа што го надвишувала објектот (**сл. 9: 3**). Некои од парчињата лепеж содржат два слоја што укажува на тоа дека ѕидот се обновувал (**сл. 9: 4**). Покрај лепежот од ѕидот, исто така констатирана е подница од истиот материјал, што укажува на тоа дека таа била направена од цврсто набиена глина поради полесно движење (**сл.9: 1, 2**). Други архитектонски елементи не

38 Цнотливи, Е. 1990, 62.

се констатирани во овој објект, како на пример парапет, огниште, печка или глинени сандаци вообичаени за неолитските и енеолитските живеалишта во Пелагонија, но и многу пошироко[39].

Според тоа, не може да се заклучи дали овој објект претставува живеалиште со оглед на тоа што недостасуваат основните елементи од ентериерот. Од друга страна, во двата констатирани слоја е откриено поголемо количество керамички фрагменти, животински коски и гареж, особено во горниот (помладиот) слој (IVa). Ова, сепак, укажува на одредено поинтензивно користење на објектот, со оглед на тоа дека во него биле употребени повеќе садови и конзумирани неколку видови животни[40]. Во прилог на тоа оди и остатокот од гареж, иако тој може да е резултат и од пожар, поради кој и лепежот ја има добиено својата црвенкаста боја. Но, истражувачите посочуваат и на концентрација, односно собирање на гарежот во западната страна (до излезот), што укажува на тоа дека тој би можел да биде настанат од други видови активности, на пример од огниште што не е констатирано при ископувањата. Сите овие елементи, сепак, потврдуваат дека објектот бил во функција определен период иако неговата намена, како и мотивот за негово градење токму на оваа локација сè уште не се јасни.

Како што беше и претходно спомнато, според усните информации на Бранислав Атанасоски, еден од учесниците во ископувањата на локацијата Чардак во 1980-тите години, енеолитска керамика и лепеж се констатирани и во друг дел од овој простор, односно на рамното источно плато. Тоа значи дека мошне веројатно таму се наоѓала *населбата,* најмногу поради погодната позиција за подигање на повеќе градби. Во тој случај, објектот под карпата би бил исклучок и веројатно сместен во периферијата на оваа населба. Оттука, одговорот за неговата функција би можел да биде покомплексен, особено ако се земат предвид стратиграфијата, керамичките фрагменти и датирањето. Со оглед на тоа што постојат два слоја, очигледно е дека тој бил користен најмалку во две фази. Кон тоа наведуваат и некои парчиња лепеж на коишто се забележуваат два пласта како резултат на налепување, односно обновување на ѕидот. Тоа би можело да се случи



Сл. 9. Фрагменти од ѕиден лепеж од карпестото живеалиште (фото: Гоце Наумов).

Fig. 9. Fragments of a wall fan from the stone habitat (photo: Goce Naumov).

39 Толевски, И. 2009. Архитектура. Во Наумов, Г.; Фиданоски, Т.; Толески, И. и Ивковска, А., *Неолитските заедници во Македонија*: 35-44. Данте: Скопје; Naumov, G. 2013a. Embodied houses: social and symbolic agency of Neolithic architecture in the Republic of Macedonia. In Hoffman, D. and Smyth, J (eds.) *Tracking the Neolithic house in Europe - sedentism, architecture and practice*: 65 – 94. New York: Springer.

40 Според археозоолошките анализи направени во 1980-тите години, во објектот се констатирани коски од говеда, овци/кози, свињи, но и од куче (Цнотливи, Е. 1990, 63).

во две различни етапи на користење на објектот, кога после долго време неговиот ѕид бил освежен со нов слој на градежен материјал.

Тука оди во прилог и датата од C^{14} методот која посочува на негово користење во средниот неолит, како и малкуте фрагменти што имаат обележја вообичаени за ова време. Според тоа, објектот под карпата може бил основан околу средината на шестиот милениум и користен како градба во која се подготвувала и конзумирала храна, што го потврдуваат садовите и животинските коски. Но, нивниот помал број во однос на следниот слој, укажува дека тој можеби имал функција на градба која повремено била користена од сточарите што ги паселе овците и говедата од околните неолитски села. Затоа во овој слој бројот на садови и животински коски е скоро двојно помал и соодветствува на начинот на негово користење.

Веќе во следната фаза бројот на садови (особено енеолитски) и коски се зголемува, како и концентрацијата на гареж што наведува на негово поинтензивно користење, можеби дури и во рамки на претпоставената енеолитската населба што се наоѓа источно од него. Тоа значи дека овој објект во времето на енеолитот веројатно бил дел од периферијата на ова потенцијална населба и бил користен од жители што очигледно конзумирале неколку видови животни и во своја сопственост имале повеќе типови на садови, доколку се земе предвид широкиот типолошки репертоар на керамика откриена на ова место. Поради потемелно разбирање на карактерот на овој објект, во следното поглавје ќе се направи детален преглед на некои од покарактеристичните типови на садови од локалитетот Чардак.

Садови

Имајќи го предвид малиот истражен простор и зафатнината на објектот (околу 22м^2), бројот на керамички фрагменти е особено голем (според истражувачите околу 730 парчиња)[41]. Тие им припаѓале на повеќе садови (иако нивниот точен број не може да се определи) што укажува на тоа дека овој простор бил релативно долго користен. Од друга страна, со оглед на измешаните слоеви и присуство на керамика од неолитот, енеолитот, бронзеното време, антиката и средниот век, сосема е извесно дека станува збор и за еродиран материјал од горните тераси (**сл. 10**-**16**). Овие тераси претежно биле користени во средниот век, антиката и можеби во подоцнежните предисториски периоди, така што нивното присуство во слоевите над објектот не изненадува. Иако на истите тераси може да се очекува постоење на неолитски и енеолитски населби, сепак, локалитети од овие периоди не се регистрирани при долгогодишните истражувања на овој простор. Единствен исклучок е случајот со секторот „Двор Ц“ во рамките на Чардак, каде според усните информации е регистрирана енеолитска керамика (**сл. 16**). Но, овој сектор се наоѓа источно од објектот под карпа и прашање е колку и каде енеолитската населба се ширела. Секако, идните истражувања на терасата меѓу овој објект и средновековната цистерна би дале конкретни одговори на оваа дилема.

Во секој случај, керамиката што доминира во откриениот објект му припаѓа на енеолитот така што тој, несомнено, се користел во овој временски период. Малкуте фрагменти што може да се атрибуираат кон неолитот, како и датата од радиокарбон анализата, укажуваат на негово користење и во средината или втората половина на шестиот милениум п.н.е. Што се однесува до керамиката од бронзеното време, таа е исто така ретка и мошне веројатно еродирала во објектот, додека од железното време скоро и да нема керамички фрагменти. Поради тоа, во оваа пригода ќе се направи технолошки и типолошки осврт на керамиката од енеолитот и неолитот, а со цел да

41 Цнотливи, Е. 1990, 62, 63.


се има увид во основните обележја на предисториската грнчарија од Чардак. Имајќи го предвид доминатното присуство на енеолитската керамика, прво ќе се направи преглед на овој материјал, а потоа и на оној што може да се определи како неолитски.

- енеолитска керамика

Керамиката од времето на енеолитот има претежно груба фактура и примеси на лискун и ситни камчиња, додека бојата е монохромна, сива или кафена со повеќе нијанси. Поретко се присутни керамички фрагменти со фина фактура и сјајно полирана површина. Иако најголемиот дел се фрагменти, сепак на нив има доволно информации за да се определат основните типолошки обележја и декорацијата. Меѓу нив најзастапени се повеќе типови на чинии и садови со разна намена. Чиниите најчесто имаат конусна форма, а во неколку случаи и вовлечен обод или полутопчеста форма. Што се однесува до останатите садови, најзастапени се кантаровидните садови, садовите со биконусна профилација, пехарите, чашите, цедалките, како и складишните садови со повисок или понизок врат и издолжено или топчесто тело. Тука треба да се истакнат и четвртестите садови – жртвеници со рамен реципиент што исто така се откриени на овој локалитет. Во домен на декорацијата најпристутни се повеќето видови на втиснувања, канелури, браздестото врежување, како и техниката на гребење на мазната површина.


Конусните чинии со вовлечен обод најчесто имаат убава фактура, тенки ѕидови и сјајно мазнети површини, а бојата на печењето е кафеава, сивокафеава и сива до црна (**сл. 10: 7; сл. 14: 1, 3, 6, 7**). Исто така, евидентирани се и чинии со средна фактура. На дел од фрагментите од оваа типологија се забележуваат и рачки, и тоа особено лентестите и брадавичестите. Кај овие чинии најчесто е украсуван вратот, и тоа со вертикални или коси паралелни, плитки и тесни или широки канелури. Кај еден примерок на преминот се наоѓа хоризонтален ред од правоаголни убоди. Овие чинии, скоро без исклучок се присутни во сите енеолитски локалитети што му припаѓаат на културниот комплекс Бубањ - Хум - Салкуца – Криводол, додека во Македонија се регистрирани на локалитетите „Трештена Стена“-Манастир, „Крушеанска Чука“-Крушеани, „Баба“-Прилеп, „Могила“-Сенокос, „Каменица“-Прилеп, „Ридот“-Мажучиште, „Каликија“-Прилеп, „Градиште“ - Дебреште, како и на локалитетите кај Прилепец, Шуплевец, Црнобуки, Кутлине, Варвара, Стари Град и Цареви Кули во Струмица[42]. Исто така, во овој тип на керамика треба да се вбројат и **чиниите со отворен обод** кои најчесто имаат заоблена профилација, меѓутоа со вертикален обод

42 Гарашанин М., 1973, *Праисторија на тлу СР Србије*, Београд,176; Tasić N., 1979, Bubanj – Salkuca – Krivodol kompleks, *Praistorija jugoslavenskih zemalja* III, Sarajevo, 102; Темелкоски Д., 1999, Енеолитска населба Крушеанска Чука, *Macedoniae acta archaeologica* 15 (1996 – 1997), Скопје, 35, сл. 1,2, Т.I, 1,2; -Темелкоски Д. и Миткоски А., 2006, Праисториска населба Могила Сенокос, *Macedoniae acta archaeologica* 17, Скопје, 72, Т.I, 15; Миткоски А., 2011, Локалитетот Трештена стена кај село Манастир, Мариово, *Macedoniae acta archaeologica* 20, Скопје, 131, Т.I, 10-12; Т. III, 4-9, Т. VI, 6-9, Т. VII, 1, Т. VIII, 15-22, Т. XIV, 10-13, Т. XVI, 8, Т. XVIII, 10-13, Т.XX, 8, Т.XXI, 13,16, Т.XXII, 2, Т. XXIV, 1; Миткоски 2017, Т. IV, 2, Т. V, 2 - 8, Т. VI, 1, 2, 14, Т.VII, 13; Јовчевска Т., 2008, *Кале - енеолитска куќа*, Велес, 34, Т. III, 1, 2; Гарашанин М. и Симоска Д., 1976, Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец - Бакарно Гумно, *Macedoniae acta archaeologica* 2, Прилеп, 13, сл. 1,14,19, 29; Симоска Д. - Китаноски Б. - Тодоровиќ Ј., 1976, Населбата Црнобуки и проблемот на истоимената култура во светлината на новите археолошки истражувања, *Macedoniae acta archaeologica* 2, Прилеп, 46, Т.IV,4,8, Т.V,3, Т.VIII, 1,4, Т.IX, 1,7, Т.X, 1,5; Кузман П., 1996, Кутлина, *Macedoniae acta archaeologica* 14 (1993-1995), Скопје, 14, сл. 4; Видески З., 2005 Енеолитска населба “Врањак” од с. Варвара - Скопско, *Зборник - Археологија 2*, НУ Музеј на Македонија, Скопје, 74, Т. XVII, Т.XVIII, Т.XIX; Јовчевска Т., 2008, *Кале - енеолитска куќа*, Велес, 34, Т. III, 1, 2; Рујак З., 2007, Праисториска населба на локалитетот Јужен Рид - Цареви Кули и проблемот на преодот помеѓу доцноенеолитската и ранобронзената епоха во југоисточна Македонија, *Зборник на трудови во спомен на Јован Ананиев*, Струмица, 26, Т.IV.



Сл. 10. Енеолитски садови од локалитетот Чардак (обработка: Александар Миткоски и Гоце Наумов според Цнотливи 1990, Сл. 41-45).

Fig. 10. Eneolithic vessels from the locality Chardak (editors: Aleksandar Mitkoski and Goce Naumov according to Cnotlivi 1990, Sl. 41-45).



Сл. 11. Енеолитски садови од локалитетот Чардак (обработка: Александар Миткоски и Гоце Наумов според Цнотливи 1990, Сл. 41-45).

Fig. 11. Eneolithic vessels from the locality Chardak (editors: Aleksandar Mitkoski and Goce Naumov according to Cnotlivi 1990, Sl. 41-45).

или пак раширен кон надвор. Нивната фактура е вообичаено фина, сочинета од прочистена глина без примеси, додека површината е црна, полирана и ретко декорирана (**сл. 10: 2, 3; сл. 12: 1; сл. 14: 1**).

Кантаровидните садови најчесто имаат средна фактура, а бојата на печењето најчесто е кафеава или сивокафеава. Вообичаено содржат цилиндричен или конусен врат и две вертикални лентести дршки што тргнуваат од пределот под венецот и завршуваат на најширокиот дел од садот кој може да биде со топчеста или биконусна форма (**сл. 11: 5, 6; сл. 12: 7, 8; сл. 14: 2**). Не ретко имаат и проширен стомак на кого во еден случај се наоѓа мала брадавица, а во друг, петличеста дршка со кратки, вертикални, коси, паралелни и плитки канелури лево и десно од нив. Еден друг фрагмент на рамото е украсен со хоризонтален ред од убоди и врежани коси линии кои се спојуваат под агол. И овие садови се присутни во поголемиот број енеолитски населби, а во Мариово и Пелагонија ги има на локалитетите „Трештена Стена“-Манастир, „Крушеанска Чука“-Крушеани, „Каменица“-Прилеп, „Ридот“-Мажучиште, „Градиште“-Дебреште, „Тумба“-Боротино и во Шуплевец[43].

Исто така, присутни се и **садовите со биконусна заоблена профилација,** цилиндричен врат и две јазичести пластично извлечени дршки од т.н. „трештена тип“, коишто не ретко имаат заоблен, проширен или кружен плочест горен дел во кој се наоѓаат два мали кружни отвори (**сл. 10: 6; сл. 12: 2; сл. 13: 2-4; сл. 14: 5**). Овој тип на садови најчесто содржат фина фактура, сјајно мазнети површини и кафеава или сивокафеава боја на печењето, а во еден случај се украсени со гребење на мазната површина. Неколку варијанти од дршката именувана како тип “трештена” се пронајдени и на локалитетите: „Могила“-Сенокос, „Трештена Стена“-Манастир, „Големи Камен“-Лопатица, „Тумба“-Боротино, „Бакарно Гумно“-Чепигово[44].

Садовите во форма на пехар се поретки иако вакви форми се присутни и во доцниот неолит во Пелагонија, но и многу пошироко. Тие најчесто се на тенка полна нога или на ниска шуплива нога која во еден случај е украсена со врежување (**сл. 12: 9-11**). Овој тип на садови се наоѓаат и на останатите енеолитски населби: „Бакарно Гумно“-Чепигово, „Крушеанска Чука“-Крушеани, „Могила“-Сенокос, „Големи Камен“-Лопатица, „Каракамен“-Шелеверци, „Баба“-Прилеп, „Каликија“-Прилеп, „Тумба“-Боротино, „Трештена Стена“ - Манастир како и на локалитетите Црнобуки, Шуплевец, Карамани и оние од групата Бубањ - Хум[45].

Складишните садови - **питоси** обично имаат средна фактура, замазнети површини и кафеава или сивокафеава боја на печењето. Најчесто содржат кус или повисок врат со цилиндрична форма, односно заоблен или зарамнет венец (**сл. 11: 2, сл. 13: 1, 8; сл. 16: 2**). Некои од нив имаат вертикални дршки што поаѓаат од просторот под венецот или дршка во форма на поголема бра-

43 Tasić N., 1979, 101-2, T.IX, 6,7; 14, Гарашанин М. и Симоска Д., 1976, сл. 4, 16, 21; Kitanoski B., 1992, Some data on the eneolitic of Pelagonija, *Balcanica* XXIII, Beograd, 233; Темелкоски Д., 1999, 36, T.II; Миткоски А., 2017, T. V, 20, 21, T. VI, 6, 10; Наумов и др. 2017, 14, T. 5.

44 Темелкоски Д. и Миткоски А., 2006, T.II, 13; Миткоски А., 2010, Мариово во праисторијата, *Macedoniae acta archaeologica* 19 (2004 - 2006), Скопје, 56, T. VIII, 6, 10-12; Миткоски А., 2011, T. I, 19 - 21, T. IV, 10, T. V, 18 – 21, T. VII, 19-21, T. XIII, 10-12, 14,17, 22, T.XV, 13,14, T. XIX, 2,3, T. XXV, 4, 9- 14; Темелкоски Д и Миткоски А., 2008, Енеолитски локалитет “Големи Камен“ кај село Лопатица, *Macedoniae acta archaeologica* 18, Скопје, 119, T. 3, 18, 19, T.4. 1, Сл. 5.

45 Симоска Д. - Китаноски Б. - Тодоровиќ Ј., 1977, Праисториска населба Тумба во село Карамани кај Битола, *Macedoniae acta archaeologica 3*, Прилеп, 19; Kitanoski B., 1992, 233; Темелкоски Д., 1999, 38; Темелкоски Д. и Миткоски А., 2008, 120, T. IV, 20, T. V, 8; Миткоски А., 2017, 170, T. V, 27, T. VI, 5, T.VII, 16; Наумов, Г. и др. 2017, 14, T.5; Гарашанин М., 1973, Праисторија на тлу СР Србије, Београд, 183, T.33; Симоска Д. - Китаноски Б. - Тодоровиќ Ј., 1976, кат. бр. 427; Санев В. - Симоска Д. - Китаноски Б. - Саржоски С., 1976, *Праисторија во Македонија, каталог*, Скопје, 51, кат. Бр. 427.

давица. Ретко се украсени, но во таквите случаи имаат кружни убоди организирани во ленти или во техника на браздесто врежување при што орнаментите се исполнети со бела боја (техника на инкрустација).

Четириаголните садови – жртвеници со рамен реципиент обично имаат конусно тело и мазнети површини. Најчесто се украсени со кружни и овални убоди или со техника на браздесто врежување (**сл. 13: 9; сл. 14: 8; сл. 16: 1**). Најмногу фрагменти од овој тип се пронајдени на „Трештена Стена"-Манастир и тоа во сите хоризонти на живеење[46]. Фрагменти од слични култни садови - жртвеници се пронајдени и во „Големи Камен"-Лопатица, „Бакарно Гумно"-Чепигово, „Палатица"-Штавица, „Присои"-Кутлешево, „Каракамен"-Шелеверци, „Тумба"-Боротино, „Градиште"-Дебреште, а еден ваков фрагмент потекнува и од Црнобуки[47].

Освен овие типови на садови, се сретнуваат и други, но во многу помал број. Меѓу нив може да се издвојат **цедилките** со топчест облик и перфорирани ѕидови со помали или поголеми кружни отвори. Вакви садови има на повеќе локалитети во Македонија и тие се употребувале од неолитот до бронзеното време, така што е тешко да се определат како единствено енеолитски[48]. Тука може да се посочи и на **чашите** со една дршка, изработени од пречистена глина на која се наоѓаат траги од црн премаз и украсување на рамото изведено со гребење на мазната површина (**сл. 16: 3**).


Меѓу најбројната керамика може да се издвојат **грневидните садови** коишто имаат средни димензии. Нивната форма може да биде топкалеста или пак цилиндрична во пределот на ободот и вратот, додека ѕидовите се тенки или подебели. Фактурата е најчесто прочистена со додатоци на лискун, меѓутоа се сретнуваат и примери кога таа е релативно груба со минимални примеси на плева (**сл. 10: 4-6; сл. 11: 1, 3, 4; сл. 12: 3-6; сл. 13: 5, 6; сл. 14: 4**). Повеќето садови немаат декорација, освен премачкување на полираната површина со црвена или црна боја, но доколку ја има таа е најчесто изведена со убоди организирани во цик-цак и завиени линии. Оваа типологија на садови е типична и за неолитот, иако во случај со енеолитската керамичка продукција, се издвојува по интензивното присуство на црна и сива боја.

Што се однесува до декорацијата, погоре во образложувањето на регистрираните типови садови беше споменато на кој начин тие се украсуваат, односно со браздесто врежување. Меѓутоа, во рамки на нивното украсување треба да се истакне дека особено чести се кружните убоди поставени во редови коишто формираат права, триаголна или цик-цак лента (**сл. 10: 1, 6; сл. 12: 3-6; сл. 13: 5, 9, 10; сл. 14: 8; сл. 16: 1**). Тие не се карактеристични само за еден тип и се појавуваат на повеќе садови на Чардак, како и на други локалитети во Пелагонија и Мариово, но

46 Миткоски А., 2011, 136, Т. V, 9, Т. XIII, 6, 35, Т. XX, 12, 13, Т. XXI, 4, Т. XXIII, 11, 13, 17, Т. XXV,5, Т. XXVI, 9;


47 Наумов и др. 2017, 14, Т. 5.; Темелкоски Д. и Миткоски А., 2008, 120, Т. IV, 19 Т. VIII, 2; Миткоски А., 2017, 170, Т. VI, 15, Т. VII, 7, 9-11; Миткоски А., (*во печат*) Култни предмети од времето на енеолитот од праисториската збирка на НУ Завод и Музеј, Прилеп, *Зборник на трудови* 21, Битола.

48 Кузман, П. 2013. Праисториски палафитни населби во Македонија. Во Кузман, П.; Димитрова, Е. и Донев, Ј. (уред.) *Македонија: миленијумски културно-историски факти*: 297-430. Скопје: Медиа Принт и Универзитет Евро-Балкан; Миткоски А., 2017, Доцниот неолит во прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово, *Драгиша Здравковски – IN MEMORIAM*, Скопје, 136, 143,145, Т, VII, 7, Т.XIII, 13, Т.XIV, 13; Гарашанин М. - Симоска Д., 1976, Контролни ископувања на Шуплевец и некои проблеми на групата Шуплевец - Бакарно Гумно, *Macedoniae acta archaeologica* 2, Прилеп, 14, 17; Симоска Д. - Китаноски Б. - Тодоровиќ Ј., 1976, Населбата Црнобуки и проблемот на истоимената култура во светлината на новите археолошки истражувања, *Macedoniae acta archaeologica* 2, Прилеп, 48; Видески З., 2005 Енеолитска населба "Врањак" од с. Варвара - Скопско, *Зборник - Археологија* 2, НУ Музеј на Македонија, Скопје, 74, Т. XXI, 4; Темелкоски Д. и Миткоски А., 2008, Енеолитски локалитет Големи камен кај село Лопатица, *Macedoniae acta archaeologica* 18. Скопје, 119, Т.III, 12.



Сл. 12. Енеолитски садови од локалитетот Чардак (обработка: Александар Миткоски и Гоце Наумов според Цнотливи 1990, Сл. 41-45).

Fig. 12. Eneolithic vessels from the locality Chardak (editors: Aleksandar Mitkoski and Goce Naumov according to Cnotlivi 1990, Sl. 41-45).



Сл. 13. Енеолитски садови од локалитетот Чардак (обработка: Александар Миткоски и Гоце Наумов според Цнотливи 1990, Сл. 41-45).

Fig. 13. Eneolithic vessels from the locality Chardak (editors: Aleksandar Mitkoski and Goce Naumov according to Cnotlivi 1990, Sl. 41-45).

и во рамки на поширокаta Костолачка културна група: „Тумба“-Боротино, „Трештена Стена“-Манастир, „Присои“-Кутлешево, „Могила“-Сенокос, „Палатица“-Штавица, „Градиште“-Дебреште, и „Градиште“-Манастир[49]. Исто така не се ретки и врежаните линии, иако и во нивниот случај некогаш е тешко да се определи дали се неолитски или енеолитски. Таков е примерот со еден мев на кого има врежани паралелни линии споени во триаголник по целата должина (**сл. 15: 3**). Вакви орнаменти се сретнуваат на многу неолитски локалитети во Македонија, така што е дискутабилно неговото подоцежно датирање, иако аналогии може да се најдат и во енеолитската грнчарија. Овој фрагмент претставува вовед во прашањето за неолитската керамика на Чардак, а за која може на кратко да се приложат одредени сознанија.

- неолитска керамика

Како што беше и погоре посочено неолитската керамика е во неспоредливо многу помал број, така што се отвора прашањето за нејзиното потекло, односно дали е таа еродирана од некои горни слоеви или, пак, е поретко користена во рамки на објектот. За сега сè уште нема податоци за неолитски локалитет во просторот над објектот под карпа, иако со оглед на тоа што местото над него е прилично карпесто и тешко е да се очекува населба од ова време во тој дел од Маркови Кули. Секако, веројатноста за неолитски локалитет во секторот „Двор Ц“ на Чардак не треба да се исклучи, иако тоа единствено ќе се потврди или негира со некои идни археолошки истражувања. Според тоа, во моментот останува ретката неолитска керамика најдена во објектот да се разгледува во домен на добиената дата од животинска коска од истото место, а која што се однесува на средниот неолит. Во секој случај, без разлика дали неолитската керамика и животинска коска се еродирани или интактни, тие посочуваат на користење на овој поширок простор и во времето на шестиот милениум п.н.е.


Во тој контекст, вреди да се издвојат неколку фрагменти што имаат очиглени неолитски обележја и аналогии со повеќе локалитети во Пелагонија, но и пошироко (**сл. 15**). Горенаведениот фрагмент со врежани паралелни линии, не само по декорацијата туку и по фактурата и типологијата може да се третира како неолитски (**сл. 15: 3**). Садови со идентична орнаментика се сретнуваат на „Врбјанска Чука“-Славеј, „Школска Тумба“-Могила, „Церје“-Говрлево и др[50]. Во домен на декоративните аналоги со останатите неолитски локалитети треба да се истакнат уште два примера. Едниот се однесува на нога од пехар со врежани триаголници (**сл. 12: 10**)[51], што претставува идентична орнаментика како и на истите делови откриени на „Голема Тумба“-Трн, „Устие на Дрим“-Струга и „Охридати“-Охрид[52]. Во првичните извештаи некои од овие локалитети се

49 Jovanović B., 1974, Pozni eneolit, vo *Praistorija Vojvodine*, Novi Sad, 163, V. 84, V. 85; Tasić N., 1979, Kostolačka kultura, *Praistorija jugoslavenskih zemalja* III, Sarajevo, 257, T.XXV, 1-4; Миткоски, А. 2011, 139, Т.I, 4, 6, 13, Т.II, 7, 8, 12, 13 Т.VII, 7, Т.VIII, 22, Т.XIV, 8, 18, Т.XVI, 8, Т.XVII, 23, Т.XXI, 1, 3, 4, 5, 7, 9, 11, 12, Т.XXIV, 6 – 8, 10 – 12; Миткоски А., 171, Т. VI, 15, Т. VII, 4 – 7, 10, 11, 19; Наумов и др. 2017, 14, Т. 5.


50 Naumov, G.; Mitkoski, A. and Talevski, H. 2018. Excavation Season in 2018 at Vrbjanska Čuka tell in Plagonia. In Fidanoski, Lj. and Naumov, G. (eds.) *Neolithic in Macedonia: challenges for new discoveries*: 35-56. Skopje: Center for Prehistoric Research; Наумов, Г. и Томаж, А. 2015. Археолошки ископувања на неолитскиот локалитет „Школска Тумба“ во Могила. *Патримониум* 13: 67-96. Скопје; Фиданоски, Љ. 2012. *Церје – Говрлево и Милош Билбија*. Скопје: Музеј на град Скопје.

51 Цнотливи 1990, Ил. 44: 5.

52 Симоска, Д. и Санев, В. 1977. Неолитска населба на Мала Тумба кај село Трн, Битола. *Macedonia Acta Archaeologica* 3: 215-237, Т.I, II; Benac, A. 1979. Prelazna zona. Vo Benac, A. (ured.) *Praistorija Jugoslavenskih Zemalja* II, Neolitsko doba. Sarajevo: Akademija Nauke i Umetnosti Bosne i Hercegovine: 363-472. Кузман, П. 2013. Праисториски палафитни населби во Македонија. Во Кузман, П.; Димитрова, Е. и Донев, Ј. (уред.) *Македонија: миленијумски културно-историски факти*: 297-430. Скопје: Медиа Принт и Универзитет Евро-



Сл. 14. Енеолитски садови од локалитетот Чардак (фото и цртеж: Гоце Наумов).
Fig. 14. Eneolithic vessels from the site Chardak (photo and drawing: Goce Naumov).



Сл. 15. Неолитски садови од локалитетот Чардак (фото и цртеж: Гоце Наумов).
Fig. 15. Neolithic vessels from the Chardak site (photo and drawing: Goce Naumov).



Сл. 16. Енеолитски садови од просторот „Двор Ц“ (фото: Гоце Наумов).
Fig. 16. Eneolithic vessels from the area “Yard C” (photo: Goce Naumov).

дефинираа како среднонеолитски, за да потоа со ревизијата се определат како доцнонеолитски[53].

Доколку се земат предвид аналогиите на ниво на фактура има неколку фрагменти што посочуваат на неолитско датирање на првите фази на користење на карпестото живеалиште. Едно од откриените дна има црвен премаз којшто е идентичен со оној на неолитските локалитети во Пелагонија и многу пошироко[54]. Дури и типологијата на ова дно, како и тенките ѕидови укажуваат на очигледни неолитски обележја што се карактеристични дури и за пораните фази. Во контекст на тоа треба да се споменат повеќе фрагменти со црвенкаст, портокалов и црн премаз, пронајдени во карпестото живеалиште што може да бидат дел од неолитски садови (**сл. 15: 1, 2, 4-7**). Начинот на нивна изработка, но и типологијата, се исти како во неолитот, иако ваков технолошки пристап е применет и во енеолитот. Поради тоа неопходна е многу поголема внимателност околу временското определување на некои од фрагментите и формирање на хронологијата врз основа на сигурните керамички показатели и датирањето.

*****

Во секој случај, земено општо за керамиката од објектот под карпа на Чардак, треба да се истакне дека ја има прилично во поголем број доколку се земат предвид два фактора. Првиот е малиот простор на ископување, кој изнесува 22м^2, додека вториот е времето на негово истражување, односно само една недела, што исто така претставува мал период, а во кого се пронајдени дури околу 730 фрагменти. Секако, тука не треба да се занемари и дискутабилната стратиграфија со еродиран материјал од овој дел на средновековната тврдина на Маркови Кули. Дури и во тој случај, бројот на предисториски садови не би бил мал, така што може да се потврди дека овој објект бил активно користен во определен период, односно во повеќе наврати.

Карактерот на керамиката може делумно да укаже и на можната функција на овој објект, со оглед на тоа што одредени форми на садови доминираат во однос на други коишто воопшто ги нема, а се карактеристични за неолитот и енео-

Балкан.

53 Бенац, А. 1989. Неки проблеми односа Македоније и Западног Балкана у неолитском добу. *Macedoniae Acta Archaeologica* 10: 9 – 24. Скопје.

54 Миткоски А., 2017, Доцниот неолит во прилепскиот дел на Пелагонија и Мариово, *Драгиша Здравковски – IN MEMORIAM*, Скопје, 119 – 159; Mitkoski A., 2018, Late Neolihic Settlement Ali Čair, *Neolithic in Macedonia: challenges for new discoveries*, Skopje, 137 – 184

литот. Од увидот што беше направен во керамичкиот материјал може да се заклучи дека доминира грубата складишна керамика. Со оглед на нивните поголеми димензии, тие мошне веројатно имале улога на складишни садови во кои се чувала храна, така што овој објект се користел како остава или како градба во која не се живеело интензивно. Во прилог на можната улога на живеалиште одат садовите кои се користеле за готвење (сочинети од груба фактура во која има додатоци на кршен/мелен камен), како и концентрација на гареж во западниот дел на објектот, веднаш до влезот. Исто така, не треба да се занемарат и фрагментите од неколку предисториски цедилки и тави (односно црепни) коишто очигледно биле користени во исхраната на оние што престојувале во овој објект.

За разлика од грубата керамика, онаа со фина фактура е далеку поретка, што е секако вообичаено и за останатите локалитети. Во овој случај бројот на вакви фрагменти е многу мал што укажува на тоа дека овој објект немал репрезентативна или посредничка улога во одредени социјални процеси, а тоа може да се востанови и од неговиот архитектонски карактер. Тука треба да се истакнат неколку пехари, декорирани фрагменти и украсени четириаголни садови-жртвеници што, сепак, потврдуваат некакви елементи на идентитетот и социјалната припадност на оние што го користеле овој објект. Станува збор за порепрезентативни садови што би можеле да имаат улога во одредени официјални собири, свечености или пак, во ритуални активности. Во тој контекст треба да се имаат предвид неколкуте садови-жртвеници со карактеристични енеолитски орнаменти, а кои би можеле да имаат обредна улога со оглед на нивниот специфичен изглед. Ова дополнително потврдува дека тешко е да се утврди функцијата на објектот под карпа и неговиот симболички или обреден карактер, а исто така не треба да се занемари ниту пак неговата можна функција на остава или живеалиште. Не треба да се исклучи ниту можноста овој објект да ја менувал својата намена во различни периоди, имајќи ја предвид разноврсноста на садовите и нивната различна хронолошка припадност во предисторијата.

Оруѓија

Покрај откриените садови во објектот под карпа, се откриени и мал број оруѓија (**сл. 13: 11, 12, 14**). За жал, тие не беа пронајдени при увидот во материјалот, така што ќе бидат накратко образложени преку информациите од приложениот извештаен труд[55]. Станува збор за две секири од камен, со димензии од 7,4 и 4,3 сантиметри кои биле користени при сечењето дрва или во дрводелството. Според приложените илустрации во извештајот, тешко може да се констатира нивната временска припадност, освен тоа дека ги имаат карактеристичните предисториски обележја. Покрај секирите, исто така пронајден е еден глинен прешлен чијашто хронологија тешко може да се утврди само врз основа на цртежите во извештајот (**сл. 13: 13**). Доколку би се атрибуирале на неолитот или енеолитот, а имајќи ги предвид и разните типови садови, секирите и животинските коски, тогаш може да смета дека во овој објект е регистриран стандардниот репертоар на наоди што се среќаваат во повеќето градби од овие предисториски периоди.

Заклучок

Овој труд направи општ пресек на предисторијата во рамки на спомеличката целина Маркови Кули и нејзините гранични зони, а воедно и детално се осврна на еден од локалитетите карактеристични за овој период. Од приложеното може да се увиди дека животот во предисторијата бил мошне активен, па со исклучок на отсуството на палеолитски и мезолитски локалитети (како резултат на недоволна истраженост), бројот на не-

55 Цнотливи 1990, 66.

олитски, енеолитски, бронзенодобни и железнодобни локалитети воопшто не е мал. Неолитските локалитети се најчесто во рамницата, односно на плодните полиња под карпестиот предел на Маркови Кули, додека наоѓалиштата од металните епохи доминираат на врвовите од ридовите и нивните падини. Имајќи го предвид стопанството и општественото уредување во овие различни предисториски ери сосема е очекуван ваквиот распоред на археолошките локалитети.

Во тие рамки влегува карпестото живеалиште сместено во горните карпести тераси на Маркови Кули, обѓадено со средновековната тврдина. Тоа било истражувано во 1980 година при што е констатиран еден објект под карпа во кого се регистрирани бројни керамички фрагменти, животински коски, алатки, лепеж и гареж. Овој објект, најверојатно претставува дел од поголема предисториска населба која била сместена на рамната карпеста тераса, а што, исто така е сугерирано од истражувањата во 80-тите години од минатиот век. Според добиените дати од радиокарбон анализите и увидот во дел од откриената керамика, ова место било првпат населено во неолитот, за потоа многу поинтензивно да се користи во енеолитот, што го потврдува и керамичкиот материјал пронајден во објектот. Во моментот е тешко да се утврди која била функцијата на овој објект, иако пронајдениот материјал сугерира стандардна содржина за (е)неолитските градби откриени во други делови на Пелагонија и Мариово, односно во областите со кои комуницирале жителите на Чардак. Но, имајќи ги предвид карактеристиките на објектот од овој локалитет, мора да се истакне дека тој е еден од ретките вакви архитектонски структури откриени во македонската предисторија, која воедно не познава многу карпи прилагодени во живеалишта, остави, работилници или светилишта.

Преостанува овој простор да се доистражи во иднина, во неговиот источен дел бидејќи објектот е скоро целосно ископуван, така што на тој начин би се добиле уште повеќе податоци за населбата распослана на карпестата тераса на Чардак. Она што може во моментот да се направи со веќе откриениот движен археолошки материјал, влегува во рамките на она што се нарекува археолошка наука. Меѓу депонираните движни наоди се наоѓаат и повеќе животински коски на кои може да се направи AMS анализа и преку проучување на изотопите ќе помогне да се утврди каква храна јаделе животните, а тоа ќе даде податоци и за природната околина во која егзистирале овие животни, но и за луѓето што нив ги одгледувале и конзумирале. Во рамки на исхраната и природната околина, исто така би можеле да се направат анализи на липидите (мастите) сочувани во внатрешноста на садовите. Тековните лабораториски методи овозможуваат овие органски остатоци од масти и да се датираат, па на тој начин и би се определило времето во кое е готвена храната, но и опкружувањето од каде што е таа обезбедена. Тоа значи и без нови ископувања, туку со лабораториска обработка на веќе постоечкиот материјал може да се добие мошне збогатена перспектива за животот во оваа (е)неолитска населба.

Ваков аналитички пристап е применет при проучувањето на локалитетот Врбјанска Чука во Пелагонија, така што тоа овозможува сосема нов увид во животот на првите земјоделци во овој регион[56]. Истото може да се направи и со движниот археолошки материјат од Чардак, иако за него постојат многу помалку податоци за контекстите. Но синхроното датирање на коските и липидите на садовите и нивното споредување со податоците за животните и храната, можат многу подетално да ја определат хронологијата на локалитетот, а, исто така и животната средина во истиот период. Во блиска иднина може да се смета на ваков пристап при проучувањето на објектот, но и населбата и воедно да се даде нова и продлабочена слика за предисторијата на Маркови Кули.

SUMMARY

THE PREHISTORY OF MARKOVI KULI AT PRILEP

Goce NAUMOV; Aleksandar MITKOSKI

This paper provides a general insight of the prehistory within the Markovi Kuli monument unit and its boundary zones, and also regarded in detail one of the sites dated in this period. Although Markovi Kuli at Prilep is mainly known as medieval fortress the past and recent study indicate that the life in prehistory was very active and with the exception of Paleolithic and Mesolithic sites that are manly absent due to an insufficient research, the number of Neolithic, Chalcolithic, Bronze and Iron Age sites is not small at all. Neolithic sites are mostly in the plain, i.e. in the fertile fields below the rocky area of the Markovi Kuli, while those of metal ages dominate the peaks of the hills and their slopes. Given the economy and social order in these different prehistoric eras, such an arrangement of archaeological sites is quite expected.

This also considers the so called rocky dwelling located on the upper terraces of Markovi Kuli (named as Čardak), surrounded by later medieval fortress. It was excavated in 1980 when a structure is found bellow the rocks in which numerous ceramic fragments, animal bones, tools, daub and soot were recorded. This building is probably part of a larger prehistoric settlement that was established on a flat rock terrace, which has also been suggested by excavations in the 1980s. According to radiocarbon dating data and insights into some of the unearthed pottery, the site was first inhabited in the Neolithic, and then used more intensively in the Chalcolithic, that is also confirmed by the ceramic material found in the building. It is currently difficult to determine what the function of this facility was, although the material found suggests standard content for Neolithic and Chalcolithic buildings discovered elsewhere in Pelagonia and Mariovo, i.e. in areas with which Čardak residents interact. However, considering the building features from this site, it should be noted that it is one of the few such architectural structures discovered in the Macedonian prehistory, which is not familiar with many rocks adapted to dwellings, shelters, warehouses, workshops or sanctuaries.

This area remains to be explored in its eastern part, as the building is almost completely excavated, thus providing further data on the settlement established on the rocky terrace of Čardak. The unearthed archaeological material could be further used for the studies within the archaeological science. Among the deposited tangible finds there is quantity of animal bones adequate for AMS analysis and by studying the isotopes it will help to determine the food animals ate, which will provide data on the natural environment

where these animals existed, but also for the people who raised and consumed them. Considering diet and the natural environment, the lipids (fat) stored inside the vessels could be analyzed as well. Current laboratory methods allow these organic fat residues to be dated, thus determining the time in which the food is cooked and the environment from which it is obtained. So without new excavations, but only a laboratory processing of existing material can provide a very enriched perspective on life in this Neolithic and Chalcolithic settlement.

Such an analytical approach has been applied to the study of the Vrbjanska Čuka site in Pelagonia, so it provides a whole new insight into the lives of the first farming and herding communities in this region. The same can be done with the tangible archaeological material from Čardak, although there is much less contextual information about it. But the synchronized dating of the bones and lipids of the vessels and their comparison with the animal and food data can determine the chronology of the site and also the environment in much the same way. In the near future, such an approach can be considered in the study of this particular structure and the settlement in general, so it can provide a new and thorough insight into the prehistory of Markovi Kuli.

Key words: *Pelagonia, Neolithic, Chalcolithic ceramics, architecture, dating*